ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ СТРУГА

Through Gender Lenses

# АНАЛИЗА НА ТРОШОЦИ НА БУЏЕТСКИ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ОПШТИНА ВЕВЧАНИ

Ристе Јуруковски

## Родова еднаквост во социјаланата заштита на општина Вевчани

Анекс на Родова анализа на програмата за социјална заштита на општина Вевчани

# Буџетски иницијативи на општина Вевчани

Согласно предложените иницијативи во општина Вевчани подолу е направена анализа на трошоци на иницијативите кои имаат некакво влијание врз буџетот односно кои се директно поврзани со некој трошок.

## Да се воведе системски пристап за собирање на податоци на локално ниво кој ќе овозможи подготовка на извештаи/анализи и креирање на политики според потребите на одделни целни групи.

За оваа активност е потребно ангажирање на еден консултант кој ќе изработи модел и систем за собирање родово разделени податоци и податоци според други засегнати страни.

| Вид на Трошок | Основа за пресметка | Година 1 МКД |
|---|---|---|
| **Ангажман на консултант за анализа за изработка на систем за собирање податоци кој ќе овозможи подготовка на извештаи и анализа за различни засегнати страни.** | 8 консултантски дена по просечно 12.000 МКД дневно | 96.000 МКД |
| **Обука за спроведување на наодите и процесите од анализата за вработените во општината, советот и градоначалникот** | 1 обука, 2 дена | 20.000 МКД |
| **Вкупно** | | **116.000 МКД** |

## При креирање на буџетот и годишните програми во општина Вевчани да се одржуваат редовни граѓански форуми со што граѓаните ќе се вклучат во донесувањето одлуки.

За оваа активност се предвидуваа организација на форуми и консултации кои би овозможиле, собири во општината и месната заедница. Планирани се 3 форума за буџетот и годишните програми.

| Вид на Трошок | Основа за пресметка | Година 1 МКД |
|---|---|---|
| **Организација на трибина и или фокус групи** | | |
| **Изнајмување простор, опрема, покани и организација** | Цена на простор (доколку е потребен бидејќи може да се организира и во општината). 3 дена X 8000 денари | 24.000 МКД |
| **Материјали за фокус групите и трибината** | | 15.000 МКД |
| **Ангажман на фасилитатор** | 3 дена X 12.000 денари | 36.000 МКД |
| **Вкупно** | | 75.000 МКД |

## При креирање на програмата за социјална заштита да се земат предвид различните социјални потреби на корисниците/чките, меѓу кои и жртвите на насилство и да се предвиди соодветен буџет за реализација на истата.

Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство (позната како „Истанбулска конвенција") на 22.12.2018 година, при што доколку го задржиме гореспоменатиот ракурс на анализа, т.е. постоење и нудење услуги, се наметнуваат три соодветни обврски кои произлегуваат од транспонирањето на оваа конвенција во домашното законодавство:

- Член 8 - Договорните страни ќе доделат соодветни финансиски и човечки ресурси за соодветно спроведување на интегрираните политики, мерки и програми за спречување и борба против сите форми на насилство опфатени со опсегот на оваа Конвенција, вклучително и оние кои ги вршат/нудат невладините организации и граѓанското општество;

- Член 9 - Договорните страни ќе ја препознаат, поттикнуваат и поддржуваат, на сите нивоа, работата на соодветните невладини организации и граѓанското општество кои се активни во борбата против насилството врз жените и ќе воспостават ефикасна соработка со овие организации;

- Член 24 - Договорните страни ќе ги преземат потребните законодавни или други мерки за да воспостават бесплатни телефонски линии за помош низ целата држава, деноноќно (24/7) за да им дадат совети на повикувач(к)ите, доверливо или со должно почитување на нивната анонимност, во врска со сите форми на насилство опфатени со опсегот на оваа Конвенција;

Согласно базичната студија од анкетата на жените жртви на семејно насилство следните услуги се со најголемо задоволство:[1]

Услуги за жртви на семејно насилство.

| Р.бр | Вид на услуга | Задоволство и искористеност |
|---|---|---|
| **1.** | Куќа за отворено домување | 80% |
| **2.** | Групно советување | 60% |
| **3.** | Засолниште (шелтер) | 64% |
| **4.** | Кризен центар | 60% |
| **5.** | СОС линија за помош | 66% |
| **6.** | Телефонско советување | 66% |
| **7.** | Индивидуално советување | 58% |

[1] https://glasprotivnasilstvo.org.mk/wp-content/uploads/2021/12/Bazichna-studija-za-zadovolstvoto-na-zheni-zhrtvi-na-nasilstvo-kako-korisnichki-na-uslugi-na-TSentrite-za-sotsijalna-rabota-1.pdf

| | | |
|---|---|---|
| 8. | Бесплатна правна помош | 55% |

Согласно овие податоци и имајќи предвид другите социјални услуги кои општината може да ги понуди на граѓаните, направена е следната анализа на трошоци за превентивни активности за спречување на семејно насилство и насилство врз жените

| **Вид на Трошок** | **Износ** | **Основа за пресметка** |
|---|---|---|
| **3 форуми/трибини или состаноци** | | |
| **Материјали за работилницата за изработка на бизнис план** | 6.000 МКД | 3 работилници секоја од 20 учесници по 100 денари пакет материјали по учесник |
| **Ангажман на учесници и простор** | 36.000 МКД | 3 форуми/трибини по 1 ден по 12000 МКД за секој ден |
| **Органзација и Опрема за форумите/трибините** | 20.000 МКД | Доколку општината нема опрема или простор во тој случај ќе треба да се предвиди трошокот |

За услугите за поддршка на психосоцијално советување на жртви на семејно насилство подолу е направена пресметка за трошоците за да се обезбеди организирано советување во општината на една локација или пак трошоците само за плата на кадарот кој е потребен доколку советувањето се одвива телефонски или пак преку некој друг пат кој не е директен контакт. Во советувалиштето е предвидено да работат психолог, социјален работник, доктор специјалист психијатар и дипломиран правник со положен правосуден испит за давање на бесплатна правна помош. Посетувањето на ова советувалиште би се одвивало секој работен ден од 17 до 20 часот преку договорени термини (со закажување). Советувалиштето треба да ги покрива услугите на бесплатна правна помош, индивидуално советување, телефонско советување и групно советување.

| | **Психо-лог Бруто плата** | **Д-р Психија-тар Бруто плата** | **Социјален работник Бруто плата** | **Правник Бруто плата** | **Наемнина деловен простор(доколку општината нема да додели простор** | **Комуна-лни трошоци** | **Инвентар и тековно одржува-ње** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Месечно** | 45.541 | | | | | | | **.164 денари** |
| **Годишно** | 546.492 | 606.492 | 486.492 | 486.492 | 108.000 | 84.000 | 72.000 | **денари** |

## Обука за општинската администрација и Комисијата за еднакви можности, како и членовите на Советот за вклучување на родовата перспектива во политиките и програмите на општината

| Вид на Трошок | Основа за пресметка | Година 1 МКД |
|---|---|---|
| **Ангажман на обучувач за родова еднаквост** | 3 обуки – работилници по 2 дена | 48.000 МКД |
| **Подготовка на краток едукативен материјал за користење на администрацијата, советот и Комисијата** | 3 консултанстски денови | 36.000 МКД |
| **Вкупно** | | 84.000 МКД |

## Оддржување на обуки во училиштата за подигање на свеста за препознавање и заштита на младите од булинг

Образовниот процес во Општина Вевчани се одвива во Општинското основно училиште „Страшо Пинџур", кое опфаќа околу 226 ученици. Има 18 паралелки, во кои се опфатени деца од 6 до 14 години. За оваа цел би требало да се спроведат 18 обуки во времетрење од еден школски час во 5 дена или една работна недела.

| Вид на Трошок | Основа за пресметка | Година 1 МКД |
|---|---|---|
| **Организација на обуки во училиштата** | | |
| **Изработка на материјал и презентации за обуките** | Еден консултант 5 дена по 4 дена по 12.000 МКД | 48.000 МКД |
| **Материјали за обуките** | 250 брошури по 20 денари | 5.000 МКД |
| **Ангажман обучувач 5 дена** | 5 дена по 10.000 денари | 50.000 МКД |
| **Вкупно** | | **103.000 МКД** |